# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА **БИТОЛА**

2013-2017

## ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

- ИНДУСТРИСКА ЗОНА „ЖАБЕНИ“
- ТОПЛИФИКАЦИЈА НА ОПШТИНА БИТОЛА
- ГАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТИНА БИТОЛА
- ПОДЗЕМНИ ГАРАЖИ
- ПРЕАДАПТАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ КАЈ КАСАРНАТА
- ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКС „НИЖЕПОЛЕ“
- „БИТОЛА ФИЛМСКИ ГРАД“
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА БИТОЛА – КРЕМЕНИЦА (ГРЧКА ГРАНИЦА)
- ПОТПОЛНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА
- ДОВРШУВАЊЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ЦРН МОСТ
- ИЗГРАДБА НА НОВ ХРАМ НА ЗАШТИТНИКОТ СВ. НЕКТАРИЈ БИТОЛСКИ

## I. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**Проект: Индустриска зона „Жабени“**

**Опис на проектот:** Во насока на подобрување на условите за привлекување домашни и странски инвеститори, ќе продолжиме да ја подобруваме инфраструктурата во индустриската зона „Жабени“.

**Средства:** 250.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Преадаптација на просторот кај касарната**

**Опис на проектот:** Продадените парцели, кои се во изградба, ќе добијат потребна инфраструктура, ќе создадеме услови за изградба на нова населба на овој простор.

**Средства:** 150.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Формирање совет за економски развој на општината**

**Опис на проектот:** Ова советодавно тело ќе го сочинуваат претставници од бизнис-заедницата, научната фела во општината и општинската администрација. Целта на советот е подобрување на бизнис-дијалогот на децентрализирано ниво, организирање форуми за анализи на потребите на стопанството, форуми за детектирање на проблемите со кои се соочуваат бизнисмените и наоѓање заеднички решенија.

**Средства:** 200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Организирање денови за дијаспората**

**Опис:** Преку овој проект ќе се спроведува осмислена дво-тридневна програма за дружење со сонародниците што се иселени во странство, а кои доаѓаат во Битола во голем број, најчесто во текот на летната сезона. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби, кои ќе користат за договарање заеднички идеи за развојот на Битола. Проектот ќе има цел да се приберат средства (добротворни прилози од дијаспората) со кои ќе се реализира некаква цел од локално значење, но и можност за презентирање на сите поволности за инвестирање во Битола.

**Средства:** 200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина

Рок: континуирано

**Проект: „Нема погрешна врата“**

**Опис на проектот:** Во духот на реформата на општинската администрација, ќе се продолжи со заложбата на ВМРО-ДПМНЕ дека нема да има ниту еден граѓанин што нема да биде услужен од кој било вработен во општинската администрација, без разлика дали граѓанинот се обратил на вистинското место.

Рок: континуирано

**Проект: „Административна гилотина“**

**Опис на проектот:** Ќе се направи анализа на потребните податоци што се бараат од граѓаните при услужување на нивните потреби. Ќе се елиминираат непотребните чекори, процедури и трошоци, со што ќе се скрати и времето за добивање услуги.

Рок: континуирано

# II. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**Проект: Реконструкција на средни и на основни училишта**

**Опис на проектот:** Заради обезбедување просторни услови за одвивање квалитетна настава во основните и во средните училишта, ќе продолжиме со реконструкција на училишната инфраструктура. Со овој проект предвидуваме реконструкција на следниве училишта во општина Битола:

- ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ – реконструкција на прозорци.
- ОУ „Елпида Карамнди“ - реконструкција на прозорци и на санитарни јазли.
- ОУ „Св. Климент Охридски“ - реконструкција на санитарни јазли.
- ОУ „Даме Груев“ - реконструкција на санитарни јазли.
- ОУ „Тодор Ангелески“, село Г. Оризари - реконструкција на греење.
- СОТУ „Ѓорги Наумов“ - реконструкција на прозорци.
- ОУ „Коле Канински“ – реконструкција на прозорци, врати и на под.
- СУ „Таки Даскало“ - со нов покрив, прозорци, ѕидови/фасада.
- ОУ „Стив Наумов“ – реконструкција на покрив.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: декември 2015 година

**Проект: Изградба и доградба на основни и на средни училишта**

**Опис на проектот:** Во соработка со Владата на Република Македонија, ќе изградиме:

- нов училиштен простор на ОУ „Крсте Мисирков“ - село Бистрица, ПУ Канино;
- дворна ограда во ОУ „Коле Канински“;
- ново основно училиште во село Канино.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: јули 2016 година

**Проект: „Изградба на училишни спортски сали“**

**Опис на проектот:** Заради поттикнување правилен психофизички развој и поттикнување на спортскиот и на натпреварувачкиот дух кај младите и возрасните, во соработка со централната власт ќе изградиме спортски сали во:

- ОУ „Трифун Пановски“
- ОУ „Стив Наумов“ - спортска сала со трибини
- ОУ „Крсте П. Мисирков“
- ОУ „Даме Груев“ - спортска сала со трибини
- ОУ „Тодор Ангелески“ - спортска сала со трибини
- ОУ „Гоце Делчев“ - спортска сала со трибини
- ОУ „Св.Кирил и Методиј“

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: декември 2016 година

**Проект: „Поддршка на талентирани ученици и на спортисти“**

**Опис на проектот:** За да ги поттикнеме најталентираните ученици и најдобрите студенти и спортисти, општинската администрација, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, и натаму ќе обезбедува средства за наградување ученици, студенти и спортисти што постигнале значајни резултати на национални и меѓународни натпреварувања.

**Средства:** 2.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: „Формирање унија на совети на родители“**

**Опис на проектот:** Ќе формираме унија на совети на родители во која ќе партиципираат претставници на советите на родители од сите училишта, во насока на што поголема вклученост на родителите во работата на училиштето и нивна проактивна улога во вкупниот воспитно-образовен процес.

**Средства:** 50.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 година

**Проект: Формирање совет за образование**

**Опис на проектот:** Ќе формираме совет во рамките на локалната самоуправа, чија активност ќе биде насочена кон унапредување на соработката, градење и продлабочување на партнерствата меѓу училиштата и локалната заедница.

Рок: 2013 година

**Проект: „Образование за сите“**

**Опис на проектот:** Проектот опфаќа подобрување на условите за образование на возрасните – обезбедување комплетна инфраструктура (просторна и материјална), организирање обука за стекнување со компетенции, вештини и квалификации, како одговор на потребите на пазарот на трудот.

**Средства:** 3.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

# III. СПОРТ И МЛАДИ

**Проект: Изградба на фудбалско игралиште**

**Опис на проектот:** Игралиштето е со стандардни димензии, опремено со рефлектори за ноќно играње, трибини со капацитет до 500 гледачи и со гардероби со тушеви за учесниците во согласност со сите стандарди, со вештачка трева во согласност со стандардите на ФИФА/УЕФА заради овозможување тренирање и натпревари во зимскиот период. Дополнително, овие игралишта ќе бидат центри за развој на младински фудбалски школи од каде што очекуваме да излезат многу нови таленти.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2015 година

**Проект: Реконструкција и модернизација на спортските игралишта и објекти**

**Опис на проектот:** Проектот опфаќа поставување асфалтен слој на спортски игралишта во општина Битола, поставување нови или замена на дотраените кошаркарски табли, ракометни и фудбалски голови.

**Средства:** 30.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**Проект: Изградба на нови спортски игралишта во урбаните населби на градот**

**Опис на проектот:** Заради подобрување на спортската инфраструктура и развој на спортот, ќе продолжиме со изградба на нови спортски игралишта во урбаните средини на општината.

**Средства:** 12.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Изградба на нови спортски игралишта во руралните населби**

**Опис на проектот:** За подобрување на спортската инфраструктура и развој на спортот, ќе продолжиме со изградба на нови спортски игралишта во руралните средини на општината, и тоа: во Дихово, Кременица, Поешево, Логоварди, Лопатица и во други места.

**Средства:** 12.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Изградба на стрелиште**

**Опис на проектот:** Во насока на развојот на стрелаштвото како спорт, како и за рекреација на граѓаните на општината и пошироко, преку јавно-приватно партнерство ќе изградиме стрелиште, чијашто локација е предвидена да биде под Тумбе-кафе, спроти Олимпискиот базен.

**Средства:** 18.000.000 денари

**Извор на финансирање:** ЈПП

Рок: 2015-2016 година

**Проект: Изградба на еден единечен и на еден двоен терен за тенис**

**Опис на проектот:** Со изградбата на тениските терени им овозможуваме на нашите млади тениски таленти да се развиваат во идни професионални тенисери, но истовремено им овозможуваме услови и на сите рекреативци, кои во сè поголем број се занимаваат со овој спорт. Тениските терени се современи, целосно инфраструктурно поврзани, со осветлување за ноќни натпревари, пристапни патеки, жичена ограда и, што е најбитно, најсовремена подлога според сите стандарди на Светската тениска асоцијација.

**Средства:** 11.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013-2015 година

**Проект: Изградба на две повеќенаменски спортски игралишта**

**Опис на проектот:** За развој на масовниот спорт и на спортот за сите, најдобар начин да се создадат услови е преку изградба на повеќенаменски игралишта. Повеќенаменските игралишта ќе бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе можат да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и за дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење.

**Средства:** 10.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013-2015 година

**Проект: Изградба на трим-патеки**

**Опис на проектот:** Трим-патеките, како светски тренд и спортска понуда која е најлесно достапна, ќе придонесат за сеопфатно вклучување на граѓаните во насока практикувањето на спортските активности да постане своевидна филозофија на живеење. Справите за вежбање ќе бидат дополнителен аспект за збогатување на оваа спортска содржина.

**Средства:** 5.000.000 денари од Општината

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Изградба на велосипедски патеки**

**Опис на проектот:** Преку изградба на велосипедска патека ќе им овозможиме на љубителите на велосипедизмот да се рекреираат, а воедно ќе придонесеме за помасовно користење на велосипедите како превозно средство, што ќе влијае врз подобрувањето на животната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Изградба на скајпарк за велосипедисти**

**Опис на проектот:** По барање на младите средношколци, ќе се изгради ваков парк за рекреација.

**Средства:** 2.400.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014-2015 година

**Проект: Изградба на планинарски ѕид за качување**

**Опис на проектот:** Во насока на развојот на екстремните спортови, ќе изградиме планинарски ѕид за качување, чијашто локација е предвидено да биде во градскиот парк или зад спортската сала.

**Средства:** 1.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014-2015 година

**Проект: Поставување справи за вежбање од отворен тип**

**Опис на проектот:** Справите е предвидено да се постават до ДТВ „Партизан“ или во градскиот парк, со што овој простор, кој секако се користи за спорт и за рекреација, ќе се збогати со нови спортски содржини.

**Средства:** 600.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015 година

**Проект: „Катастар на спортски објекти“**

**Опис на проектот:** Во општина Битола, во соработка со Агенцијата за спорт и млади, ќе се направи евиденција на спортските објекти според содржина и степен на исполнетост на стандарди заради организирање натпревари или други првенства.

**Средства:** 300.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2014 година

**Проект: „Основање училишни спортски клубови“**

**Опис на проектот:** Во насока на унапредување на системот на натпревари во училишниот спорт, предвидено е основање училишни спортски клубови во повеќе спортови, кои треба да претставуваат основа за остварување на огромните општествени придобивки кои ги претполага развојот и негувањето на училишниот спорт како национална определба.

**Извор на финансирање:** Буџет на Република Македонија и буџет на Општина Битола

Рок: континуирано

**Проект: „Училишни лиги“**

**Опис на проектот:** Во општина Битола ќе се воведе постојана практика на организирање училишни лиги во различни спортови (фудбал, кошарка, ракомет и сл.) за прво да се играат натпревари меѓу различни одделенски екипи во едно училиште, а потоа најдобрите екипи да се квалификуваат за меѓуучилишни натпревари. Со воведувањето на училишните лиги ќе се поттикне натпреварувачкиот дух кај најголем дел од учениците и наваков начин ќе се селектираат најдобрите спортисти во училиштата.

**Средства:** 500.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Финансиска поддршка на спортските клубови во општината**

**Опис на проектот:** Општина Битола ќе продолжи со поддршката на сите спортисти и спортови континуирано зголемувајќи ги средствата за таа намена.

**Средства:** 50.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Поддршка на традиционалните фудбалски турнири**

**Опис на проектот:** Ќе продолжиме да ги поддржуваме традиционалните фудбалски турнири во Долно Оризари, Кукуречани, Крклино, турнирот „Дрогата во аут“, итн.

**Средства:** 1.200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: СПОРТСКО ЛЕТО – „Спорт за сите“**

**Опис на проектот:** Тргнувајќи од стратегиските приоритети изложени во националната програма за развој на спортот, во делот на спортската рекреација, односно „Спорт за сите“, во соработка со националните спортски федерации, предвидена е реализација на проект за популаризација на повеќе спортови, каде што на едно место, во период од неколку денови, во летниот период, ќе се врши презентација, вклучувајќи и бесплатни часови за обука.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: континуирано

**Проект: „Вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и младинско информирање“**

**Опис на проектот:** Овој проект ќе се спроведе преку воспоставување на:

**локален младински совет -** за да се обезбеди институционално учество на младите во донесувањето одлуки во локалната самоуправа, ќе се формира локален совет на млади, преку кој би се обезбедило активно учество на младите во процесите на донесување одлуки, во општествениот јавен живот. Во рамки на поддршката на локални младински проекти, Општината ќе обезбеди средства преку нејзиниот буџет, со што би ги поттикнала младите да бидат активни и да размислуваат и да дејствуваат кон подобрување на средината и на заедницата во која живеат. На тој начин се создава партнерство преку кое младите и локалната самоуправа заеднички

ќе го подобруваат квалитетот на живеење во општината. Овој проект ќе се спроведува од страна на единицата на локалната самоуправа, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладини организации;

**подготвување локална младинска стратегија -** целта на локалната младинска стратегија е посеопфатно третирање на проблемите на младите и наоѓање решенија за нив. Иницијативата произлегува од Агенцијата за млади и спорт преку приоритетите изложени во националната стратегија за млади и во акцискиот план за спроведување на стратегијата;

**младински информативни и советодавни центри -** формирање младински информативни и советодавни центри, во кои младите ќе имаат пристап до сеопфатни, разбирливи, точни, навремени и употребливи информации, дизајнирани според нивните потреби, како и нивно директно учество во процесот на младинско информирање на неформален начин, во пријателска атмосфера, при што ќе имаат можност за размена на најдобрите практики и искуства, проблеми и можности за соодветна обука. Овој проект ќе се спроведува од страна на Општината, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт и со невладини организации.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемаштво**

**Опис на проектот:** Целта на трибините ќе биде да се истакнат можностите за младите што се создаваат преку развивање на претприемачката иницијатива. На нив ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите што ги нуди државата за почнување сопствен бизнис.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Хуманитарна акција за помош на младите од социјално загрозени семејства - ДОНИРАЈ!**

**Опис на проектот:** Информирање преку веб-страницата на Општината за потребата и начинот на донирање парична помош, облека, спортска опрема и спортски реквизити.

Рок: континуирано

**Проект: Организирање кампања „Стоп на пороците“**

**Опис на проектот:** Преку системот на образование, но и преку одржување трибини во населените места во општината, ќе се влијае врз младите за да се избегнат штетните последици од консумирањето наркотични средства, цигари и алкохол.

**Средства:** 100.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Организирање доброволна крводарителска акција во која ќе учествуваат и спортисти**

**Опис:** Организирање доброволни крводарителски акции во Битола во соработка со спортисти и со Црвен крст, а со цел давање позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

Рок: 2013-2017 година

# IV. ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

**Проект: „Општински е-шалтер“**

**Опис на проектот:** Со проектот ќе се овозможи побрзо искористување на услугите од општинската администрација, со тоа што ќе се избегне доаѓањето и чекањето на шалтери.

**Средства:** 480.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: втората половина на 2014 година

**Проект: Субвенционирање курсеви по информатика за посебни категории лица**

**Опис на проектот:** Проектот обезбедува надградба на знаењата од областа на информатиката за граѓаните на општина Битола, нивно полесно вклучување во општествените процеси и олеснување на пристапот при комуникација. Исто така, преку овој проект ќе се овозможи постигнување повисок степен на информатичка подготвеност на населението и нивна поголема мобилност во извршувањето на работните задачи и на секојдневните активности. Во согласност со потребите на граѓаните, ваков тип обука ќе се организира повеќе пати годишно. Целна група за реализација на овој проект се лица постари од 45 години, подолго невработени лица, лица со посебни потреби и лица со ниски примања.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

# V. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Проект: Донесување ГУП за Битола за околу 3.000 хектари**

**Опис на проектот:** Изменување и дополнување на ГУП-от за Битола како стратегиски документ и насока на севкупниот просторен развој на градот, со давање можност за усогласување со новонастанатите промени кои одат во прилог на изработката на нов ГУП на Битола, а се однесуваат на повеќе фактори:

- Промена во законската регулатива и примена на актуелните стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
- Промена и осовременување на сообраќајниот концепт и вградување на сообраќајната студија.
- Проширување на планскиот опфат, односно формирање нова граница на планскиот опфат во правци каде што има актуелни стопански движења, иницијативи и почнати процедури за урбанизација на простори кои се надвор од опфатот на градот Битола со разумно зафаќање земјоделско земјиште за неземјоделски намени.
- Промена на намената на земјиштето во одредени наменски зони за кои се јавува интерес и потреба, но кои не можат да се реализираат со парцијални измени бидејќи би предизвикале промени во билансните показатели на ниво на плански опфат, како и просторни реперкусии создадени со градење и употреба на несоодветни простори и градби.

**Средства:** 36.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Донесување ДУП за потребите за развој на општина Битола, како и за потребите на процесот на легализација на дивите објекти**

**Опис на проектот:** Ќе се донесат детални урбанистички планови што ќе го забрзаат развојот на Битола и што ќе овозможат побрза реализација на процесот за легализација, како и реализација на голем број проекти, како, на пример: ДУП за Тумбе-кафе, ДУП за Централно градско подрачје, 4 дел, Блок 12, ДУП за Централно градско подрачје, 3 дел, Блок 7, ДУП за Комплекс болници, ДУП за СРЦ „Св. Аранѓел", реализација на УПВНМ Винарија Лисо-

лај, ДУП за локалитет Француски гробишта, Блок 1, почнување постапка за донесување урбанистичко-планска документација за ГУП Урбана четврт Довлеџик – Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко- планска документација за дел од ДУП Блок Довлеџик кај базените - Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко-планска документација за ДУП за СРЦ „Довлеџик“, Блок 1 - Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко-планска документација за ДУП за Нови градски гробишта, Блок 1 - Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко- планска документација за ДУП за Нови градски гробишта, Блок 2 - Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко-планска документација за УП за село Канино, Блок 1 - Битола, почнување постапка за донесување урбанистичко-планска документација за ЛУПД за изградба на спортски терени на Кп Бр. 1736 КО Крклино Општина - Битола, ДУП за Источна индустриска зона „Жито Битола“ и „Транскоп“ – Битола, ДУП за четврт Монопол – Битола, ДУП за индустриска зона „Блок Битолатекс“ – Битола, УП за с. Долно Оризари, изработка на ДУП за ЦГП, 3 дел, Блок 10 и 16 - Битола, изработка на ДУП за ЦГП, 3 дел, Блок 5 и 6 – Битола, реализација на УПВНМ за туристичка населба Нижеполе КО Битола, донесување и реализација на УПВНМ за терени за голф, реализација на УПВНМ за туристичка населба Меџитлија, како и на други локации во согласност со потребите во наредниот четиригодишен период.

**Средства:** 30.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Подземни гаражи**

**Опис на проектот:** Во центарот на Битола ќе изградиме подземни гаражи со капацитет од 340 паркинг-места.

**Средства:** 6.000.000 евра

**Извор на финансирање:** ЈПП

Рок: 2016 година

**Проект: Реконструкција на коритото на реката Драгор**

**Опис на проектот:** Посебно на делот од Сали мост до базата на ГП „Гранит“.

**Средства:** 15.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Обновување на возниот парк за транспорт на комунален отпад и изградба на еколошки острови**

**Опис на проектот:** Обновување на возниот парк поради застареност и амортизираност и набавка на шест специјални возила за транспортирање комунален отпад. Изработка на повеќе од 100 т.н. еколошки острови каде што ќе бидат групирани садовите (контејнери) за селектирање на комуналниот отпад.

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Изградба на депонија за инертен отпад**

**Опис на проектот:** Општината досега немала депонија за градежен шут, па со овој проект ќе се најде соодветна локација за изградба на ваква депонија заради решавање на проблемот на градежните претпријатија во општината.

**Средства:** 1.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Унапредување на системот за управување со отпад**

**Опис на проектот:**

- Комплетна опременост со садови на сите корисници (правни и физички лица) за примарна селекција на сув и на воден отпад (отпадна хартија, ПЕТ-пластика, стакло, метал, биоотпад) според светските стандарди за управување со отпад и понатамошен третман за реупотреба и рециклирање.
- Замена на повеќе од 100 дотраени садови и поставување на повеќе од 500 садови за комунален отпад, како и поставување на околу 400 садови за отпадна хартија, ПЕТ-пластика, стакло и метал.

**Средства:** 3.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015-2017 година

**Проект: „Нула толеранција за диви депонии“**

**Опис на проектот:** Општината ќе продолжи да организира две акции годишно (пролетна и есенска) за лоцирање и за отстранување на дивите депонии.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Набавка на две градежни машини за третман на депонираниот отпад во депонија „Мегленци“.**

**Опис на проектот:** Овие машини ќе се користат за обработка на веќе донесениот отпад во депонијата, со цел поефикасно одржување на депонијата.

**Средства:** 1.200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Набавка на специјално моторно возило – цистерна за миење улици**

**Опис на проектот:** Заради подобрување на условите и зголемување на ефикасноста на ЈКП „Комуналец“, со што поголем опфат на активности на поголем број улици.

**Средства:** 2.400.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Поставување дополнителни 500 канти за отпадоци во целата општина**

**Опис на проектот:** Во насока на одржување на јавната чистота и успешно спроведување на еколошката програма на општината, ќе поставиме дополнителни 500 канти за отпадоци.

**Средства:** 500.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015 година

**Проект: Пошумување на општината (општински атар)**

**Опис на проектот:** Ќе продолжиме со континуирано засадување нови дрвца во оголените места со повеќе од 10.000 насади.

**Средства:** 400.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

# VI. КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

**Проект: Топлификација на општина Битола**

**Опис на проектот:** Трајно решавање на проблемот со греење во Битола.

**Средства:** повеќе од 30.000.000 евра

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ/АД ЕЛЕМ/Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Гасификација на општина Битола**

**Опис на проектот:** Со вклучувањето на Република Македонија во проектот „Јужен поток“ и проектот за изградба на национална гасоводна мрежа, ќе се овозможи гасификација на општина Битола.

Со изградбата на второстепената и на третостепената мрежа ќе се овозможат пониски трошоци за греење на домаќинствата и на компаниите, како и пониски трошоци за енергенти на производствените капацитети што користат гас.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: декември 2016 година

## А) ВОДОСНАБДИТЕЛНИ И КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Со навремено решавање на проблемите на граѓаните, преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи, се создаваат услови за поздрава и почиста животна средина за граѓаните.

### ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ

**Проект: Реконструкција на водоводната мрежа во градот**

**Опис на проектот:** Реконструкција на водоводната мрежа на следниве улици:

- Наум Наумовски-Борче (Прилепска – Иван Милутиновиќ)
- Нимаки (Земјоделско-нови гробишта)
- Коста Абрашевиќ
- Штипска (Г. Делчев – Димо Хаџи Димов)
- Стрмашево
- Стив Наумов (Климент Охридски – Пецо Божиновски)
- Бегова чешма
- Пере Тошев
- Питу Гули (Климент Охридски – Крушево)
- М. Т. Живкови
- Кичевска
- Пробиштип
- Втора
- Трета
- Паца Ванчова
- Полковник Неделков
- Илинденска (7 Јули – Авторемонт)
- Ѓуро Ѓаковиќ (Гаврило Принцип – 4 Ноември)
- Јоргов камен
- Брегалничка (Пере Тошев – Караџова)
- Маркс и Енгелс
- Борис Кидриќ (4 Ноември – Маршал Тито)
- Београдска ( К. Јосифовски – Кирил и Методиј)
- Борис Стрезов
- Цане Василев
- 11 Март
- Караорман (Кордун покрај џамија), Караорман – Титово Ужице – парче Козјак
- Кузман Шапкарев
- Солунска над Пецо Божиновски, спроти Багата до 31
- Широка
- Ари Ангелковски
- Кирил Пејчиновиќ
- Довлеџик (чикмак од Големо езеро)
- Скоевска 90
- 25-та
- Мариовска
- Мукос 92-110

- Улица 11
- Христо Ботев – чикмак
- Букова шума (Илинденска)
- Булевар 1 Мај - од Мојсов мост до Безистен
- Титово Ужице
- Брегалничка 8 б
- Улица 29
- Улица Рашанец
- Улица 27

**Средства:** Предвидени со програмата од Советот на општина Битола.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Изградба на нов резервоар (V=2.000 m3) во општина Битола**

**Опис на проектот:** Овој капитален објект од областа на водоснабдувањето ќе биде изграден во средната зона од градот, со капацитет од 2.000 кубни метри.

**Средства:** 38.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Набавка и монтажа на опрема за контрола и мерење, поврзани градежни работи и проширување на постојни SCADA-систем во општина Битола / Замена на електрични инсталации во ПС „Довлеџик“ во општина Битола**

**Средства:** 17.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Набавка на волуметриски водомери и вградување опрема за далечинско читање и набавка на опрема за откривање истекување во општина Битола**

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Набавка на повеќемлазни водомери, вградување опрема за далечинско читање во општина Битола**

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Изградба на дистрибутивен цевковод за презонирање во населбата Баир во општина Битола**

**Опис на проектот:** Со проектот трајно ќе се реши проблемот со водоснабдувањето на високите зони на градот.

**Средства:** 13.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции/Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Реконструкција и изградба на водоводи во селските населби во општина Битола**

**Опис на проектот:** Ќе се реализира изградба и реконструкции на водоводите во следниве населени места: Породин, Раштани, Трново – Магарево, Острец, водоводен систем Злокуќани (Бистрица, Олевени, Барешани), Нижеполе, Кажани, Брусник, Лавци, Канино, Велушина, Секирани, Габалавци, Лопатица, Горно Српци, Лера, Рамна, Доленци, Црнеец, Лисолај.

**Средства:** 2.000.000 евра

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ/Меѓународни финансиски институции

Рок: крајот на 2014 година

## КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

**Проект: Подготовка на техничка документација за собирање и за третман на отпадни води**

**Опис на проектот:** Проектот вклучува изработка на студии (студија за изводливост, студија за оцена на влијанието врз животната средина, анализа на трошоци и добивки) и тендерско досие со документација за собирање и за третман на отпадни води во Битола, Струмица и во Тетово.

**Средства:** 213.500.000 денари за целиот проект

**Извор на финансирање:** 85 проценти од ИПА и 15 проценти од буџетот на РМ

Рок: 2013-2015 година

**Проект: Реконструкција и проширување на канализациската мрежа во општина Битола и изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Битола**

**Опис на проектот:** Изградбата на пречистителна станица за отпадни води во Битола и изградбата на главниот колекторски систем за нивно прифаќање ќе овозможи решавање на проблемот со урбаните отпадни води и подобрување на еколошката состојба во регионот.

**Средства:** 20 милиони евра

**Извор на финансирање:** 85 проценти од ИПА и 15 проценти од буџетот на РМ

Рок: 2015-2017година

## В) УРЕДУВАЊЕ ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Со уредувањето на парковите и на зелените површини, како хортикултурно така и со поставување урбана опрема, обезбедуваме катче за релаксација за сите генерации. Остануваме посветени и во оваа област преку континуирано одржување на постојните паркови, детски игралишта и зелени површини во општина Битола, но и преку реализација на вакви проекти во останатите поголеми населени места.

Со помош на ЈП „Стрежево“ ќе се реализира проект за технолошка вода за зелените површини во градот и во сите населени места каде што има техничка можност за тоа. За овој проект веќе е изготвена и техничка документација.

**Проект: Уредување мини-паркови во градските населби**

**Опис на проектот:** Уредување паркови во Нова Битола, Брусничка населба, населба Баир, Буковски Ливади, Јени мале, Триаголник, Стрелиште, Горно Оризари, Долно Оризари и др.

**Средства:** 3.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2016 година

**Проект: Зголемување на бројот на зелени површини во општина Битола**

**Опис на проектот:** Ќе продолжиме со континуирано зголемување на зелените површини во општината, од постојните 85 на 150, а дел од нив ќе бидат реализирани и во руралните средини.

**Средства:** 1.000.00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година

**Проект: Набавка на нова механизација за одржување на јавните зелени површини**

**Опис на проектот:** Се планира набавка на околу 30 нови алатки.

**Средства:** 1.500.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Довршување на реконструкцијата на Црн мост**

**Опис на проектот:** Ќе изградиме нов, побезбеден мост за возачи, а стариот ќе се користи за пешаци.

**Средства:** 25.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Реконструкција на мостовите на реката Драгор**

**Опис на проектот:** Општината веќе распиша и конкурс за идејно решение за реконструкција на мостовите на реката Драгор.

**Средства:** 1.800.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Реконструкција на фонтаната пред музејот во Битола**

**Опис на проектот:** Ќе извршиме темелна реконструкција на фонтаната, која ќе биде завршена и проширена со партерно уредување.

**Средства:** 1.200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2014 година

**Проект: Изградба на мини-фонтани**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува изградба на мини-фонтани на неколку поатрактивни локации, како: новата заобиколница Дулие, пред Центарот за културата, Дрвен пазар, пазар Нова Битола итн.

**Средства:** 3.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: до 2016 година

**Проект: Изградба на јавни чешми за вода за пиење**

**Опис на проектот:** Предлог-локации: градска болница, пред ресторан „Корзо“, шеталиште, Ат-пазар, Дрвен пазар, пред Домот за народно здравје/паркинг кај „Јавор“, пред Спортски центар на македонските бранители, др.

**Средства:** 1.800.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Поставување чешми и клупи во парковите**

**Опис на проектот:** Поставување чешми и 300 клупи за седење во сите месни заедници и паркови низ целиот град, кои ќе служат за одмор и за релаксација на повозрасните граѓани од општина Битола.

**Средства:** 500.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

### Г) УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во јавното осветлување резултира со намалување на потрошената електрична енергија, а со тоа намалување и на расходите од буџетот на Општината. Во согласност со стратегијата за енергетска ефикасност на Владата на Република Македонија, а за да создадеме пријатна атмосфера во нашата општина во вечерните моменти, ќе ги реализираме следниве проекти:

**Проект: Замена на постојните светилки од градското улично осветлување со нови енергетско-ефикасни светилки**

**Опис на проектот:** Сите светилки ќе се заменат со нови и економични светилки заради заштеда на електрична енергија.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

Рок: континуирано

# VII. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

- Поддршка на земјоделците преку отворање посебен центар за редовно информирање на првичните производители, обука на земјоделците за подготовка на проекти заради искористување на средствата од ИПАРД за изградба на производни и преработувачки капацитети и на другите мерки за поддршка од Владата на Република Македонија, советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски практики за сточарите заради подобрување на квалитетот на млекото.
- Поддршка при формирањето земјоделски задруги заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување основни услови за работа и функционирање (простории, помош за патувања и др.).
- Привлекување инвеститори (домашни или странски) преку олеснување на условите за градба и објавување локација за отворање откупен центар за земјоделски производи, со што треба да се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и да се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите.
- Константно посредување и зајакнување на соработката меѓу индивидуалните земјоделци и преработувачите од РМ, како и соработка со странски преработувачи и увозници на земјоделски производи од нашиот регион.

Наши најважни проекти во насока на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

**Проект: Донесување програма за локален рурален развој**

**Опис:** Со четиригодишната програма ќе се опфати изградба на полски патеки на територијата на општината, кои треба да го олеснат пристапот на земјоделците до обработливите површини, изградба на патчиња во населените места од општината и други инфраструктурни објекти што ќе придонесат за подобрување на условите за живот, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите за наводнување.

Рок: јуни 2013 година

**Проект: Поддршка за подигнување преработувачки мини-капацитети**

**Опис на проектот:** Општината ќе даде поддршка за подигнување преработувачки мини-капацитети во градинарство и во овоштарство. Поддршката, главно, ќе биде изразена во одредување локации и создавање на потребните услови за изградба, најмногу во обезбедување инфраструктурни услови, но и во делот на олеснување на процедурите и скратување на роковите за добивање дозволи, како и стимулирање во делот на надоместоците за комуналии. Со оваа мерка во добар дел би се решил проблемот со пласманот на производите од градинарското и од овоштарското производство, а на долг рок ќе придонесе и за зголемување на земјоделските површини под овие култури, како и за зголемување на нивниот квалитет.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи во местото именувано како Кавтанџица**

**Опис на проектот:** Објавување локации за изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи во местото именувано како Кавтанџица, со што треба да се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и да се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите.

**Средства:** 180.000.000 денари

**Извор на финансирање:** приватен инвеститор/Буџет на РМ (Програма за РР) /Буџет на Општината

Рок: 2014 -2015 година

# VIII. ТУРИЗАМ

**Проект: Хотелски комплекс „Нижеполе“**

**Опис на проектот:** Заради развој на туризмот на Пелистер, ќе почнеме постапка за наоѓање приватен инвеститор кој, заедно со општината, преку модел на јавно-приватно партнерство ќе изгради модерен хотелски комплекс во Нижеполе.

**Средства:** 30.000.000 евра

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината /ЈПП

Рок:

**Проект: Ревизија на стратегијата за туризам 2009-2014 година**

**Опис на проектот:** Ќе извршиме дополнување на стратегијата за туризам, а, воедно, на годишна основа ќе подготвуваме и акциски планови со конкретни мерки и активности, во насока на исполнување на приоритетите и на целите содржани во стратегијата за развој на туризмот.

Рок: 2013 година

**Проект: Туристички инфокиосци**

**Опис на проектот:** Во насока на промоција на туризмот во општината, ќе отвориме инфокиосци во кои секој посетител ќе може да добие информации за разни теми од областа на туризмот, ќе се издаваат брошури и слично.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Проект: Печатење промотивни материјали за општината**

**Опис на проектот:** Издавање квалитетни туристички водичи со целата туристичка понуда, печатење туристички мапи, издавање видеоматеријали со туристички атракции, поддршка на туристички веб-портали и сл.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Означување на сите туристички знаменитости во општината**

**Опис на проектот:** Со поставувањето туристички знаци, ќе овозможиме полесен пристап на посетителите до туристичките знаменитости во општината.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Промоција на туристичките капацитети на општина Битола на меѓународни саеми за туризам**

**Опис на проектот:** Заради зголемување на бројот на странски туристи, ќе ги зголемиме промотивните активности, како организиран настап на меѓународни саеми за туризам, на кои ќе бидат презентирани убавините на нашата општина.

**Средства:** 2.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Организирање повеќе видови обука за развој на човечките ресурси во областа на туризмот**

**Опис на проектот:** Општината ќе финансира обука за преквалификација и доквалификација на кадар за оние туристички дејности што се најдефицитарни, а за кои постои најголема потреба на пазарот.

**Средства:** 1.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Зоолошка градина**

**Опис на проектот:** Потполна реконструкција на зоолошката градина –изградба на нови живеалишта за животните според критериумите на ЕАЗА, што ќе претставува убаво место за посетителите и за туристите.

**Средства:** 42.700.000 денари

**Извор на финансирање:** Европски фондови

Рок: до 2016 година

# IX. КУЛТУРА

Покрај споменатите, наши најважни проекти во културната сфера во следниот четиригодишен период ќе бидат:

**Проект: „Битола филмски град“**

**Опис на проектот:** Привлекување домашни и странски екипи за да снимаат филмови и ТВ-серии во Битола, адаптација на објекти и опрема.

**Средства:** 100.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината /ЈПП

Рок: континуирано

**Проект: Реконструкција на Дом на АРМ и негово претворање во мултинаменски општински културен објект**

**Опис на проектот:** Дом на АРМ има потреба од голема реконструкција за да може да се стави во функција.

**Средства:** 183.000.000 денари

**Извор на финансирање:** ЈПП

Рок: 2016-2017 година

**Проект: Изградба на кино „Манаки“**

**Опис на проектот:** Познатото кино на браќата Манаки одамна не постои. Повторно ќе го изградиме и ќе го опремиме најмодерно.

**Средства:** 30.000.000 денари без опрема

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015 година

**Проект: Обнова и конзервација на повеќе фасади на објекти што се прогласени за заштитено културно наследство во Битола**

**Опис на проектот:** Со обновата и конзервацијата на повеќе фасади на објекти што се прогласени за заштитено културно наследство во Битола ќе се зачува автентичноста на старата градска архитектура.

**Средства:**

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2017 година

**Проект: Отворање музејска поставка за творештвото на браќата Манаки**

**Опис на проектот:** Оваа поставка ќе значи дигитализација и презентација на целото творештво на браќата Манаки.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: по изградбата на киното – 2016 година

**Проект: Адаптација на внатрешниот двор на НУ Завод и музеј во лапидариум**

**Опис на проектот:** Адаптацијата на музејското пациото во лапидариум и приспособување за отворена летна сцена ќе овозможи голем број посетители, странски и домашни туристи, да уживаат во убавините на нашиот град, на музејските изложби и камената пластика која ќе го облагороди просторот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Изградба на нов храм на заштитникот свети Нектариј Битолски во центарот на градот**

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината /МПЦ

Рок: 2016 година

**Проект: Изградба и реставрација на споменици**

**Опис на проектот:** Изградба и реставрација на следниве споменици:

- Александар Турунџев
- Димитар Илиевски-Мурато
- Даме Груев
- Ѓорѓи Сугарев
- Крсте П. Мисирков
- Реставрација на гробот и на надгробната плоча на Павел Шатев
- Реставрација на гробот и надгробната плоча на Милтон Манаки
- Споменик на македонскиот цар Гаврило Радомир
- Споменик на Димитар Илиевски-Мурато во градското подрачје

**Средства:** 30.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014-2017 година

**Проект: Поставување спомен-бисти**

**Опис на проектот:** Поставување спомен-бисти на: Ѓорги Поп Христов, Пере Тошев, Лазо Трповски, Илија Димовски-Гоце, Васил Чакаларов, Анастас Лозанчев, Димитар Македонски, Кирил Македонски, д-р Константин Мишајков, Пандо Клашев, Лазар Поптрајков, Захарија Василева-Шумљанска, Павел Шатев, Параскев Цветков, Димитар Влахов.

**Средства:** 18.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Поставување спомен-плочи**

**Опис на проектот:** Поставување на следниве спомен-плочи:

- Св. Нектариј Битолски
- Св. Великомаченик Агатангел Битолски
- За формирање на Леринско-костурската бригада
- Спомен-плоча на училиштето „Ѓорги Сугарев“ за турскиот затвор со имињата на познати револуционери кои таму издржувале казна затвор.
- На зградата на Музичкото училиште за осудените за самобитноста на Македонија
- На куќата на Анастас Лозанчев во Јени маале, ул. Даме Груев бр. 39/41
- Спомен-обележје за борбите на Битолско-преспанскиот територијален одред и Леринско-костурската бригада на комуникацијата Битола-Лерин, кај бензинската станица на излезот кон Грција.

**Средства:** 1.800.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

# X. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Проект: Меѓугранична соработка за размена на искуство за реонско греење ТЕЛЕТЕРМ**

**Опис на проектот:** Собирање искуство за проектот „Топлификација во Битола“.

**Средства:** 10.200.000 денари

**Извор на финансирање:** Европски фондови - обезбедени

Рок: 2013 година

# XI. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

**Проект: „Fireshield“ – опрема за противпожарна служба**

**Опис на проектот:** Со проектот се предвидува поставување сензори и опрема на противпожарната служба за поголема ефикасност при справување со пожари.

**Средства:** 18.120.000 денари

**Извор на финансирање:** Европски фондови за прекугранична соработка

Рок: 2014 година

**Проект: Осовременување на возниот парк и набавка на софистицирана противпожарна опрема**

**Опис на проектот:** Продолжување на континуитетот за подобрување на ефикасноста на противпожарната служба.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Реконструкција на противпожарната зграда**

**Опис на проектот:** Завршување на реконструкцијата на противпожарната зграда.

**Средства:** 2.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Поставување противпожарни хидранти**

**Опис на проектот:** Ќе го довршиме почнатиот проект за поставување противпожарни хидранти на целата територија на општината и во регионот.

**Средства:** 2.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Набавка на специјално „пајак-возило“**

**Опис на проектот:** Заради организирање на паркинг-просторот во Битола, се појавува потреба од набавка на уште едно „пајак-возило“ во градот, со што ќе се придонесе во заштитата на безедноста во сообраќајот со навремено отсранување на погрешнопаркираните возила по сообраќајниците во градот и унапредување на режимот на паркирање.

**Средства:** 2.400.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Набавка на четири мултифункционални возила за отстранување снег од пешачките патеки**

**Опис на проектот:** Студените и снежни зими во Битола наметнуваат потреба од обезбедување дополнителни возила за чистење на снегот во зимскиот период, со што ќе се придонесе за зголемување на проодноста на пешачките патеки, безбедноста на пешаците, но и на останатите учесници во сообраќајот кои не ќе мораат да го прилагодуваат движењето на возилата спо-

ред присутноста и движењето на пешаците по улиците, поради неисчистени од снег пешачки патеки.

**Средства:** 1.800.000,00 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на општината

Рок: 2016 година

# XII. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА

**ВМРО-ДПМНЕ обезбедува БЕЗУСЛОВНИ И ЕДНАКВИ ШАНСИ ЗА СИТЕ**

Наши најважни проекти во насока на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

**Проект: „Патролни социјални работници“**

**Опис:** Ќе ја прошириме оваа форма на социјална работа преку посебни тимови на Центарот за социјална работа, Локалната самоуправа на Општина Битола и Црвен крст,кои ќе се посветат на обезбедување полесен пристап на целните ранливи групи во системот на социјална заштита и нивен влез на пазарот на труд.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: крајот на 2013 година

**Проект: Ширење на мрежата на дневни центри за деца со аутизам**

**Опис:** Ќе отвориме дневен центар за деца со ауитизам, кој ќе биде ставен во функција на обезбедување целосна помош и поддршка на децата со аутизам, како и на членовите на нивните семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2015 година

**Проект: Реконструкција на детското одморалиште „Пелистер“**

**Опис:** Посветено продолжуваме да работиме во насока на подигнување на степенот на заштита на децата.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: крајот на 2014 година

**Проект: „Народна кујна“**

**Опис:** Народните кујни ќе функционираат и во иднина, а оброк ќе се доделува секојдневно за стотина граѓани од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината/ Буџет на РМ

Рок: континуирано

**Проект: Доизградба на пристапни рампи за лицата со посебни потреби**

**Опис:** Продолжување на проектот за пристапни рампи, со што ќе се подобрат условите за живеење на лицата со посебни потреби.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: „Мислиме на најмалите“**

**Опис на проектот:** Ќе изработиме стратегија со конкретни мерки и активности како на секое новородено дете на територијата на општина Битола да му обезбедиме место во предучилишните установи – детските градинки и секое дете да биде вклучено во подготвителни програми пред тргнување во училиште.

**Средства:** 100.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Изградба на детска градинка во Долно Оризари**

**Опис:** Тенденција на Општината е, покрај во урбаните средини, да се отворат градинки и во руралните средини.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 година

**Проект: Изградба на детска градинка во село Кравари**

**Опис:** Тенденција на општината е, покрај во урбаните средини, да се отворат градинки и во руралните средини.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013 година

**Проект: Доградба на детската градинка „Снегулка“**

**Опис:** Поради тоа што градинката има капацитет за 105 деца, а заради местоположбата – централно градско подрачје - има потреба од згрижување на поголем број деца, кои се на листа на чекање.

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Реконструкција и адаптација на поранешната детска градинка „Вангел Мајоро“**

**Опис:** Заради местоположбата – централно градско подрачје - има зголемен интерес за згрижување деца во овој објект, особено од најраната предучилишна возраст (од 8 месеци до 3 години).

**Средства:** 5.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Реконструкција на покривите на детските градинки „Пролет“ и „Колибри“**

**Опис:** За натамошно функционирање на градинките, потребна е санација на покривната конструкција.

**Средства:** 1.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Отворање нови воспитни групи во руралните средини**

**Опис:** Во село Долно Оризари – игротека, во селата Цапари и Буково отворање полудневен престој за предучилишни деца, во време кое најмногу ќе им одговара на жителите од двете села.

**Средства:** 2.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015 година

**Проект: Вклучување на децата со посебни потреби во детските градинки**

**Опис:** Општината ќе обезбеди посебни тимови за поддршка на децата со посебни потреби и ќе овозможи олеснет физички пристап до сите детски градинки.

**Средства:** 1.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Натамошно вклучување на децата од ромска националност**

**Опис:** Вклучување на децата од ромска националност од најмала предучилишна возраст, не само од годината пред тргнување на училиште.

**Средства:** 100.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

# XIII. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

ВМРО-ДПМНЕ во континуитет спроведува реформи во насока на подобрување и унапредување на квалитетот на здравствената заштита на граѓаните на Република Македонија, чии позитивни ефекти интензивно ги чувствуваат и ползуваат преку многуте проекти спроведувани од страна на Министерството за здравство, како што се:

- Поевтини лекови – при што продолжуваат заложбите за дополнителни намалувања на цените на лековите. Со тоа се овозможува поголема достапност на лековите, но и сериозна заштеда на финансиски средства во здравствените установи и кај граѓаните.
- Бесплатното болничко лекување за пензионерите чија пензија е пониска од просечната пензија во Република Македонија.
- Бесплатната вакцина против ХПВ за спречување на ракот на матката кај женската популација, скенирање, превенција на кардиоваскуларни болести.
- Бесплатни здравствени превентивни прегледи - за проверка на холестерол, гликемија во крв, кои се прават на пунктовите и при тоа се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и здрав начин на живеење.
- Националниот систем за закажување интервенции – чиј почеток претставува проектот „Мој термин“, со кој во голема мера се придонесува кон намалување на времето на чекање на пациентите за одредени здравствени услуги и дијагностички процедури.
- Обезбедување услови за стручно усовршување на здравствените работници и на здравствени соработници.
- Реорганизирање и зајакнување на здравствените домови - зголемување на бројот и на видот на услугите, со фокус на населението во руралните средини, вклучувајќи и унапредување со опрема и доекипирање на поливалентна (повеќефункционална) патронажна служба во нивните рамки - проект кој во голема мера ќе придонесе кон зајакнување на соработката меѓу матичните гинеколози и патронажните сестри со цел навремено меѓусебно информирање за бремени и за породени жени, зголемување на бројот и на видот на услугите кои ќе бидат давани од страна на патронажните сестри на населението во руралните средини.

**Во општина Битола во четиригодишниот мандат ќе бидат реализирани следниве проекти:**

**Проект: Изградба на бункер за акцелератор и придружни содржини во Клиничка болница - Битола**

**Опис:** Голем број корисници на овие здравствени услуги патуваат во Скопје и губат најмалку два дена, а самата услуга трае неколку минути. Со проектот ќе го олесниме начинот и ќе го скратиме времето за услугата.

**Средства:** 42.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2013 година

**Проект: Партерно уредување и изградба на паркинг-простор во склоп на Клиничка болница - Битола**

**Опис:** Инвестирање во изработка на проект за партнерно уредување на просторот, изградба на паркинг-простор, осветлување на надворешниот простор со поставување канделабри, поплочување на пристапните патеки, изградба на рампи за лица со инвалидност и холтикултурно уредување на просторот.

**Средства:** 8.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2015 година

**Проект: Реконструкција на Здравствен дом „Битола“**

**Опис:** Замена на фасадната столарија, прозорци и врати.

**Средства:**

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ

Рок: 2016 година

# XIV. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Проект: Реконструкција на железничката линија Битола – Кременица (Грчка граница)**

**Опис на проектот:** Со ставање во функција на железничката линија ќе се направи и нов крак, кој ќе влегува во индустриската зона „Жабени“.

**Средства:** 671.000.000 денари

**Извор на финансирање:** ИПА

Рок: 2016 година

**Проект: Изградба и комплетна реконструкција на улици**

**Опис на проектот:** Ќе извршиме изградба, доизградба и реконструкција на следниве улици:

- улица 22 Јули – реконструкција
- улица Партизанска - од „Веро“ до спојот со улица Социјалистичка -реконструкција
- последниот дел од улица Цар Самуил - реконструкција
- улица 21-ва - реконструкција
- реконструкција и изградба на улиците во населбата Стрчин
- улица Стив Наумов – реконструкција
- улица Охридска – реконструкција
- улица Дебарска – реконструкција
- улица Илинденска – реконструкција
- улица Караорман – реконструкција
- улица Мукос – реконструкција
- улица Борис Кидрич – реконструкција
- булевар 1 Мај – реконструкција
- улица Кузман Јосифовски – реконструкција
- улица Климент Охридски – реконструкција и
- улица Тошо Даскало – реконструкција.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017

**Проект: Доизградба на булеварскиот влез од страната на Прилеп**

**Опис на проектот:** Ќе се заврши почнатиот дел од булеварскиот влез во Битола.

**Средства:** 122.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и Буџет на Општината

Рок: 2016-2017 година

**Проект: Доизградба на влезот од страната на Охрид**

**Опис на проектот:**

**Средства:** 61.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Доизградба на улица Бистра**

**Опис на проектот:** Заокружување на проектот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2015 година

**Проект: Асфалтирање на улицата Прогрес**

**Опис на проектот:** Заокружување на проектот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Горно Оризари - с.Крклино**

**Опис на проектот:** Во должина од 3050 метри.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и Буџет на Општина

Рок: на 2014година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Кажани – с. Ѓавато**

**Опис на проектот:** Во должина од 2.700 метри.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и Буџет на Општина

Рок: втората половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локалниот пат за село Барешани**

**Опис на проектот:** Во должина од 750 метри.

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: втората половина на 2014 година

**Проект: Источна заобиколница на Битола (од поранешна „Фринко“ до „Цермат“)**

**Опис на проектот:** Заобиколницата што постои ќе се реконструира за да може низ неа да поминуваат поголем број возила.

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Реконструкција на локален пат од Р-508 – с. Граешница - с. Кишава**

**Опис на проектот:** Со крак 1 и 2, во должина од 5.800 метри.

**Средства:** 24,3 милиони денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: првата половина на 2013 година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Буково – с. Горно Орехово – до основно училиште**

**Опис на проектот:** во должина од 715 метри.

**Средства:** 3.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: првата половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Канино – Р-508 – с. Канино**

**Опис на проектот:** Во должина од 1.030 метри.

**Средства:** 5.200.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: првата половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Драгош – Р-508 – с. Драгош**

**Опис на проектот:** Во должина од 1.597 метри.

**Средства:** 5.900.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: втора половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат од фабриката „Сокотаб“ до брана „Стрежево“**

**Опис на проектот:** Во должина од 2.068метри.

**Средства:** 13.300.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: втората половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат за с. Лавци**

**Опис на проектот:** Во должина од 1.288 метри.

**Средства:** 2.600.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: првата половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на локален пат с. Крстоар - Р-508 – с. Крстоар**

**Опис на проектот:** Во должина од 723 метри.

**Средства:** 1.400.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на РМ и буџет на Општината

Рок: првата половина на 2014 година

**Проект: Реконструкција на сите автобуски станици во општината**

**Опис на проектот:** Со реконструкција на улиците, ќе се реконструираат и постојките за градскиот сообраќај.

**Средства:** 20.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

**Проект: Тампонирање и асфалтирање на сите патеки во градските гробишта**

**Опис на проектот:** Потребно е санирање и доизградба на старите гробишта, како и асфалтирање на патеките што водат до разни страни и парцели.

**Средства:** 10.000.000 денари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2016 година

# XV. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

**Проект: Зголемување на бројот на сообраќајници за метење и за миење**

**Опис на проектот:** Во програмата на Советот да се зголеми бројот на улици за чистење, од постојните 62 на околу 200 на кои ќе се врши машинско и рачно метење, како и машинско миење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: континуирано

**Проект: Зголемување на бројот на уредени тротоари и пешачки патеки**

**Опис на проектот:** Да се зголеми бројот на уредени тротоари, особено на оние што се во градот Битола, но и во населените места надвор од градот, особено во поголемите села во рамките на нивните централни делови (плоштатчиња, училишта, спортски терени и културни катчиња, но и во делот на продавници, куќи и сл., каде што се движат луѓето најмногу). Треба да се посвети особено внимание на малите мостови што се оштетени во овие средини, а жителите и нивните месни заедници немаат доволно средства за да ги одржуваат. Општината да направи напори да ги уреди ваквите места преку програмата за рурален развој на Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

Рок: 2013-2017 година